**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА - ДОЈРАН**
**Кеј 5-ти Ноември бб,**
**(зграда на општината)**
**Стар Дојран 1487**
**e-mail: dojran@sec.mk**

Бр.12-11/2 23.01.2020 година

---

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Општинска изборна комисија Дојран известува дека граѓанинот кој на денот на гласањето се наоѓа на издржување на мерка – куќен притвор, доколку сака да го оствари своето право на глас, преку овластен полномошник ќе ја извести ОИК Дојран најдоцна до 29.01.2020-та година до 24.00 часот. ОИК Дојран врз основа на претходно добиен список од страна на ДИК за лицата кои се наоѓаат на издржување – мерка куќен притвор, ќе состави список на сите уредно пријавени лица кои се на издржување на мерката – куќен притвор.

Гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор го спроведува ИО од соодветното избирачко место, каде избирачот е запишан. ИО гласањето на лицето на кое му е изречена мерка куќен притвор го спроведува со посебна кутија за гласање која е запечатена и која одборот ја носи во домот каде што се наоѓа граѓанинот, еден ден пред денот определен за гласање.

За сите подетални информации овластеното лице може да се обрати во просториите на ОИК Дојран (сала за состаноци).

Со почит,

Општинска Изборна Комисија Дојран